**20251603546**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗИЛА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за возила,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 31 јули 2025 година.

Бр. 08-4274/1
31 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗИЛА

Член 1

Во Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ број 140/2008, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19, 308/20, 87/23 и 148/25), во членот 27 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Директорот на Агенцијата за разузнавање го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Агенцијата за разузнавање.

(5) Директорот на Агенцијата за национална безбедност го пропишува начинот на регистрирање на возилата на Агенцијата за национална безбедност.“.

Член 2

Во член 32 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок на ставот (1) на овој член, заради изведување определени задачи, за посебни возила на Агенција за национална безбедност се издаваат две или повеќе сообраќајни дозволи и регистарски таблици во случај кога тоа ќе го определи директорот на Агенцијата за национална безбедност.“.

Ставот (4) станува став (5).

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.